ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ

за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2024/2025 година

Скопје, август 2024 година

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 21.08.2024 година, донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО МЛАДИ КАТЕГОРИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2024/25 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1)Натпреварувањето во млади категории е постојано натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија и подразбира натпреварување во младинска, кадетска, пионерска и категорија на помлади пионери.

(2)Фудбалската федерација на Македонија организира и натпреварување во категорија петлиња генерација 2010 та и петлиња генерација 2011-та.

(3)Со натпреварувањето во млади категории раководи Младинската комисија на ФФМ определена од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

### Член 2

(1)Во натпреварувачката 2024/2025 година натпреварувањето во млади категории се одвива во **три** степени:

- Прва(Супер) лига со задолжителни 4 категории:
* младинци
* кадети
* пионери
* помлади пионери
во понатамошниот текст и само Прва лига.

- Втора лига со задолжителни 4 категории:
* младинци
* кадети
* пионери
* помлади пионери
во понатамошниот текст и само Втора лига.

- Трета лига во млади категории со натпреварувања во:
* младинци и кадети
* пионери и помлади пионери
Во понатамошниот текст и само Трета лига.

(2)Третата лига во зависност од бројот на пријавени екипи по категории може да се организира и во групи (регионално во зависност од територијалната припадност).

(3)Натпреварувањето во петлиња се организира во две категории во еден степен:
* петлиња генерација 2010 та и
* петлиња генерација 2011-та (помлади петлиња).

(4) Во зависност од бројот на пријавени екипи по категории, петлињата се организираат регионално а може да се организират и во групи во рамките на регионот во зависност од бројот на екипите.

(5) По исклучок, при поголем или недоволен број на пријавени екипи од секоја категорија наведена во став 3 на овој член потребни за потребни за организирање на лига или формирање на група во регионот, може да се организира и натпреварување со екипи во кои се вклучени двете категории: петлиња и помлади петлиња.

(6) За исклучокот од став 5 одлучува органот кој го води натпреварувањето во млади категории во ФФМ.

(7) Доколку поради бројот на учесници, натпреварувањето во Третата лига или натпреварувањето во петлиња/п.петлиња се одвива во групи, првaците играат еден дополнителен натпревар за прогласување на првак во таа категорија а доколку е регионално во конкретниот регион.

**ОБВРСКА ЗА УЧЕСТВО ВО НАТПРЕВАРУВАЊЕТО**

**Член 3**

(1)Клубовите кои со своите сениорски екипи се натпреваруваат во Прва МФЛ <u>во зависност од спортскиот резултат на младите екипи остварен во претходната натпреварувачка година</u>, задолжително се натпреваруваат во еден од трите степени на натпреварувањето со 4 млади категории (младинци, кадети, пионери, помлади пионери).

**Член 4**

(1)Клубовите кои со своите сениорски екипи во сезоната 2024/25 се натпреваруваат во Втора МФЛ можат да се натпреваруваат со 4 категории а имаат обврска да се натпреваруваат во третиот степен со најмалку 2 категории (**младинци и кадети**).

(2)Доколку се натпреваруваат со 4 категории <u>во зависност од спортскиот резултат на младите екипи остварен во претходната натпреварувачка година</u>,се натпреваруваат во еден од трите степени на натпреварувањето согласно одредбите на овие Пропозиции и други акти на ФФМ.

(3)За вклучување во натпреварувањето само со категориите пионери и помлади пионери наместо со категориите младинци и кадети одлучува Управниот одбор на ФФМ.

**Член 4а**

(1) Од натпреварувачката **2025/26**, клубовите кои со своите сениорски екипи се натпреваруваат во Втора МФЛ задолжително ќе се натпреваруваат во еден од трите степени на натпреварувањето **со 4 млади категории** (младинци, кадети, пионери, помлади пионери).

(2) Исклучок од правилото во став 1 се клубовите кои со сениорските екипи од Третите лиги оствариле пласман за натпреварување во Втора МФЛ, истите ќе можат првата натпреварувачка сезона по влезот во Втора МФЛ да се натпреваруваат во натпреварувањето за млади категории со две категории.

**Член 5**

(1)Клубовите кои со сениорската екипа учествуваат во Трета или Четврта лига немаат обврска да се натпреваруваат во натпреварувањето во млади категории но истите можат да земат учество со екипи по свој избор во две или четири категории и тоа: младинци и кадети, пионери и помлади пионери, нивното учество не е задолжително.

(2)Во регионалното натпреварување во петлиња, во согласност со одредбите на овие Пропозиции, учество можат да земат сите фудбалски клубови, членки на ОФС кои поднеле пријава за учество во една од категориите наведени во член 2 од овие Пропозиции.

**УЧЕСНИЦИ, КАЛЕНДАР, РАСПОРЕД**

**Член 6**

(1)Во натпреварувачката 2024/2025 година:

- во Првата лига во млади категории учествуваат 12 клуба согласно рангирањето утврдено во збирната табела врз основа на табелите во секоја категорија;

- во Втората лига во млади категории учествуваат до 12 клуба согласно рангирањето утврдено во збирната табела врз основа на табелите во секоја категорија, одредбите на

Пропозициите за млади категории за сезона 2023/24 кои се однесуваат на пополнување на лигата и заклучоците на Младинската комисија за зголемување на бројот на учесници.

(2)Списокот на клубови со екипите учесници по категории по нивното утврдување станува составен дел од овие пропозиции.

**Член 7**

(1)Натпреварувањата во Трета лига (како регионални или единствени) се организира во сите категории наведени во член 2 на овие Пропозиции.

(2)Во зависност од бројот на пријавените екипи натпреварувањето може да се организира и регионално.

(3)Бројот на екипите во единствените лиги или регионалните натпреварувања не може да биде помал од 6(шест) и поголем од 14 (четиринаесет).

(4)Во натпреварувањата во младинци и кадети или пионери и пом.пионери во Третата лига во кои бројот на пријавени екипи е помал од 6 , лигите можат да се се пополнат со Б (втори) екипи во предметните категории на клубовите од Прва и Втора МФЛ без право за пласман во повисок ранг.

(5)Списокот на екипи учесници по нивното утврдување станува составен дел од овие пропозиции.

**Член 8**

(1)Натпреварите во Прва и Втора лига во млади категории се играат по Бергеров систем, во два круга.

(2)Натпреварите во Третите лиги во млади категории се играат по Бергеров систем во зависност од бројот на пријавените екипи (два, три или четири круга) за што органот кој го води натпреварувањето се произнесува со одлука.

(3)Првенствените натпревари во сите категории се одигруваат во две полувремиња по 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

(4)За натпреварување во категорија петлиња, генерација 2010та првенствениот натпревар трае 2 х 40 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

(5)За натпреварување во категоријата петлиња генерација 2011та (помлади петлиња) првенствениот натпревар трае 2 х 40 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

(6)Главниот судија на натпреварот согласно Правилата на фудбалска игра може да врши надоместување на време.

**Член 9**

(1)Календарот за натпреварување го носи органот кој раководи со натпреварувањето- Младинската комисија на ФФМ а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите на Правилникот за натпревари.

(2) Органот кој го води натпреварувањето може да одложи одигрување на коло или натпревар, по барање на клуб или по свое видување доколку за тоа постојат оправдани причини, притоа водејќи сметка за регуларноста на натпреварувањето.

(3) Сите одложени натпревари од есенскиот дел треба да се одиграат најдоцна до почетокот на пролетниот дел од сезоната.

(4) Натпреварите кои согласно календарот и распоредот треба да се одиграат во последните три кола од пролетниот дел на првенството, се играат во ист ден и почнуваат во исто време со исклучок на натпреварите во петлиња/п.петлиња.

**Член 4а**

(1)Доколку првенството е засегнато од последиците на пандемијата со Ковид 19 или друг тип на епидемија, во понатамошниот текст и само Ковид, Комисијата за натпревари може да прави измени во календарот на натпреварување во насока на одржливост на натпреварувањето.

(2)Клуб може да побара одложување на натпревар од причини поврзани со Ковид само доколку се утврди дека од вкупниот број на регистрирани фудбалери на клубот кои имаат право на настап за соодветната екипа од млади категории, од причини наведени во став 1 на овој член на натпреварот можат да настапат помалку од 11 фудбалери.

(3)Доколку бројот на клубови кои бараат одложување на натпревар од причини наведени во став 1 на овој член во едно коло изнесува повеќе од 2, Комисијата за натпревари го поместува одигрувањето на колото за нареден прифатлив термин.

(4)Одложените натпревари или одложеното коло во есенскиот дел од првенстовото од причини поврзани со Ковид или друг тип на епидемија , се одигруваат на прв нареден можен датум.

(5)Одложените натпревари или одложеното коло во пролетниот дел од првенстовото од причини поврзани со Ковид или друг тип на епидемија, се одигруваат пред одигрување на наредното коло по распоред.

(6)Натпреварите за кои било побарано одложување и биле одложени од причини поврзани со Ковид или друг тип на епидемија, во случај на прекин на натпреварувањето мора да се одиграат пред утврдување на завршната табела.

(7)Доколку не постојат услови завршната табела да се утврди пред завршување на периодот на натпреварување 01.06.2025 година, одложените натпревари можат да се одиграат до крај на натпреварувачката сезона 14.06.2025 година, во исклучителни околности не подоцна од 30.06.2025 година.

(8)На одложените натпревари кои се одигруваат по завршување на натпреварувачката сезона и почетокот на ЛПР можат да настапат исклучиво фудбалерите кои правото на настап за клубот го имале стекнато пред почетокот на летниот преоден рок.

(9)Исклучок од став 7 од овој член претставува поништување на првенството, во услови на поништување на првенството, клубовите немаат обврска да ги одиграат одложените натпревари.

**Член 10**

(1)Распоредот на натпреварување се одредува со ждреб пред почеток на натпреварувањето.

(2)Натпреварувањето во млади категории за натпреварувачката 2024/2025 година, започнува согласно календарот на натпреварување на 31.08/01.09.2024 година а завршува во пролетниот дел на натпреварувачката година (вклучително и бараж натпреварите) не подоцна од 01.06.2025 година.

(3)Младинската комисија со одлука може да го измени почетокот на натпреварувањето.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР**

**Член 11**

(1)За организација на натпревар во млади категории во Прва, Втора и Третите лиги (во понатамошниот текст, лиги во млади категории) е одговорен клубот домаќин.

(2)Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

(3)Клубот домаќин има одговорност за штетата причинета на гостинската екипа или службените лица на натпреварот од страна на публиката и/или други службени или ангажирани лица од страна на клубот домаќин.

(4)За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно одредбите на Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 11а**

(1)Доколку надлежен државен орган утврди потреба од превенција и заштита од ковид 19 или заштита од друг вид на епидемија клубот домаќин и клубот гостин пред, за време и по завршување на натпреварот, имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19", или друг Протокол со кој се предвидуваат мерки на заштита, во понатамошниот текст само Протокол од член 11а.

**ИНФРАСТРУКТУРНИ КРИТЕРИУМИ**

**Член 12**

(1)Клубот домаќин во лигите во млади категории е должен да ги исполни неопходните услови предвидени во Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти.

(2)Клубовите имаат обврска пред почеток на натпреварувачката сезона во рок утврден од Младинската комисија на ФФМ да достават известување за користење на домашен и алтернативен терен за одигрување на натпреварите во млади категории.

(3)Во врска со став 2 на оваа одредба, клубовите кои ќе изборат пласман во Првата (супер) и Втората лига во натпреварувањето за млади категории имаат обврска да достават и до Комисијата за инфраструктура на ФФМ соодветна документација од која произлегува право на сопственост или правото за користење на игралиштето.

(4)Клубовите за кои Телото за инфраструктура ќе утврди дека не обезбедиле соодветно игралиште за натпреварување во Првата (супер) и Втората лига во натпреварувањето за млади категории, ќе се смета дека не се стекнале со право за учество во натпреварување во предметната лига и натпреварувањето со младите категории го продолжуваат во Третите лиги во млади категории а доколку истите се организираат и регионално, продолжуваат регионално каде територијално припаѓаат.

(5)Испразнетите места во Првата и Втората лига во млади категории настанати како последица на неисполнување на инфраструктурните критериуми од оваа одредба се пополнуваат редоследно со екипите на клубовите кои покрај спортските и финансиските ги исполнуваат и инфраструктурните критериуми.

(6)Во случај да ниеден редоследно рангиран клуб не ги исполнува бараните критериуми, а бројот на екипите во Втората лига е под 6 екипи , пополнувањето се врши со заинтересирани клубови кои ги исполнуваат наведените услови.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР**

**Член 13**

(1)Клубот домаќин е обврзан:

1) натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР) и брза помош.

2) да обезбеди функционален апарат за мерење на температура и лице кое ќе има обврска за одговорно мерење на телесната температура доколку истото е предвидено со Протокол согласно член 11а од овие Пропозиции;

3) да обезбеди лекар со лиценца пред, за време и по натпреварот во случај на повреда на фудбалер за двете екипи.

4) на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за итна медицинска помош (може да биде и кола од приватна здравствена организација).

5) да обезбеди редарска служба/агенција за обезбедување.

6) да обезбеди присуство на четири лица со медицински носила.

7) да назначи комесар за безбедност или заменик кој ќе присуствува на натпреварот.

8) натпреварот навремено да го насочи, да определи терен и почеток на натпреварот во Комет системот на ФФМ и тоа: за редовно коло **најдоцна до вторник 12 часот** во тековната недела , за вонредно коло или КУП натпревар согласно одлуката на органот кој го води натпреварувањето.

(9)Во случај клубот домаќин да не постапил согласно став 1 алинеа 1, алинеа 2 (доколку обврската е утврдена) и алинеа 3 од овој член, натпреварот нема да се одигра и истиот ќе се регистрира со службен резултат во корист на гостинската екипа.

(10)Клубот домаќин и клубот гостин имаат обврска за сите фудбалери на записник да имаат важечки лекарски преглед.

(11)Доколку обврската од став 1 алинеа 8 од овој член не биде исполнета во зададениот рок, на клубот домаќин ќе му биде изречена автоматска казна а доколку истата не биде исполнета и во наредните 24 часа органот кој го води натпреварувањето нема да делегира службени лица и натпреварот ќе се регистрира со службен резултат во корист на гостинската екипа.

**Член 13 а**

(1)Активностите кои клубот домаќин има обврска да ги превземе согласно член 14,15, 16 и 17 од овие Пропозиции треба да ги усогласи и ги превзема согласно мерките за заштита предвидени во Протоколот утврден со член 11а од овие Пропозиции .

**Член 14**

(1)Клубот домаќин како организатор на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории;
- да ги обезбеди возилата и личните работи на гостите на гостите и службените лица, во случај на било какво оштетување штетата мора да ја надомести клубот домаќин во спротивно против клубот се поведува постапка пред надлежниот дисциплински орган;
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории;
- да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат загреани;
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди топла и ладна вода;
- на лицето кое ја врши делегатската должност на натпреварот пред почеток на натпреварот да му достави доказ дека натпреварот благовремено е пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР);
- на лицето кое ја врши делегатската должност на натпреварот пред почеток на натпреварот да му презентира присуство на лекар со соодветна легитимација/лиценца и возило за потреба на итна медицинска помош;
- да обезбеди 5 топки за одигрување на натпреварот (ист вид);
- да изврши соодветно обележување на теренот за игра во зимски услови;
- да обезбеди деца за фаќање топки;
- да обезбеди комет администратор.

**Член 15**

(1)Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот;
- судиите;
- лице кое ја врши делегатската должност;
- комесар за безбедност на ФФМ;
- комет администратор;
- ополномоштени преставници на двата клуба;
- лекари на двете екипи заведени во записникот;
- физиотерапевти на двете екипи заведени во записникот;
- шефови на стручни штабови на двете екипи;
- тренери на двете екипи заведени во записникот;
- тренери на голманите од двете екипи заведени во записникот;
- економите на двете екипи;
- претставници на МВР;
- комесар за безбедност на клубовите - по процена на делегатот;
- две технички лица ( електричар и водоводџија) кои не смеат да бидат во оградениот дел од теренот, освен во случај на итност за што мора да се извести и да даде дозвола делегатот на натпреварот).

(2)Освен за фудбалерите и судиите, клубот домаќин мора да обезбеди видни ознаки за сите останати лица кои задолжително треба да ги носат на себе.

**Член 16**

(1)Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фаќање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- лица задолжени за медицински носилки,
- претставници на МВР и лекарска екипа со кола за итна медицинска помош

- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

**Член 17**

(1)Клубот домаќин задолжително обезбедува:

- најмалку 2 табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време.
- две знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 х 40 сантиметри со жолта или портокалова боја.
- на повеке места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

**ЗАПИСНИК**

**Член 18**

(1)Записникот е службен документ за натпреварот.

(2)Клубот домаќин има обврска да има на располагање формулар за рачно подготвување на записник одобрен од Управниот одбор на ФФМ.

(3)Записникот се составува во присуство на делегатот на натпреварот, претставници на двата клуба и судиите со примена на мерките за заштита наведени во Протоколот од 11а.

(4)Клубот домаќин и клубот гостин, секој за својата екипа имаат обврска да го внесат составот на екипата и стручниот штаб во Комет системот не подоцна од 90 минути пред почеток на натпреварот; Потребата од измена во составот на екипите по наведениот рок се пријавува кај главниот судија и се спроведува во Комет од страна на судијата или делегатот на натпреварот во случај на спреченост на судијата.

(5)На записник се внесуваат до 22 фудбалери.

(6)Во записникот со потпис на делегатот и со потпис на двата преставника од клубовите пред почеток на натпреварот се потврдува идентитетот на фудбалерите, се констатира лекарскиот преглед, дозволата за работа на тренерите во двата клуба.

(7)Фудбалерите без важечки лекарски преглед не се внесуваат во составот на екипите на записник, исклучок се фудбалерите за кои не може да се утврди важечки лекарски преглед поради заборавена спортска легитимација и/или специјален лекарски преглед, истите се внесуваат во записник а клубот ги доставува дополнително согласно Правилникот за натпревари. Внес на фудбалер без важечки лекарски преглед во состав на записник претставува основ за изрекување на автоматска казна.

(8)Се додека записникот не го потпишат двата претставника на клубовите и делегатот, натпреварот не смее да започне.

(9)Во записникот од натпреварот се внесува донесената одлука на судијата за утврдена неподобност на теренот за игра.

(10)По завршување на натпреварот судијата со потпис го потврдува резултатот, заменетите фудбалери, стрелците на головите, опоменатите и исклучените фудбалери.

(11)Делегатот во делегатскиот извештај дава осврт на организацијата и случувањата на натпреварот.

(12)Записникот се заклучува во Комет системот од страна на главниот судија веднаш по завршување на натпреварот.

(13)За секое исклучување на натпреварот, судијата има обврска по завршување на натпреварот да даде дополнителна изјава со опис на исклучувањето.

(14)Доколку записникот од оправдани причини не може да се генерира од Комет системот, составот на екипите и другите податоци во записникот се внесуваат електронски или рачно од страна на Комет администраторот на клубот домаќин и истиот потпишан од делегатот , двата преставника на клубовите и главниот судија ,по завршување на натпреварот се предава на делегатот на натпреварот. Податоците од записникот кој не е генериран во комет ги внесува администраторот на Комисијата а главниот судија или администраторот на комисијата го заклучува записникот.

**СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА КЛУБ И НАТПРЕВАР**

**Член 19**

(1)Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

(2)Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на делегатот/контролор на натпреварот пред почеток на натпреварот.

(3)Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- ги предава спортските легитимации на фудбалерите на делегатот еден час пред почетокот на натпреварот;
- во случај на потреба на измена на внесениот состав пред натпревар, претставникот на клубот ја пријавува потребата од измена на главниот судија и делегатот;
- ги предава изјавите за одговорност на делегатот еден час пред почетокот на натпреварот доколку Протоколот од 11 а го налага истото;
- по составувањето на записникот со свој потпис ги гарантира податоците за својата екипа и одговара за евентуални пропусти;
- извршува и други обврски зададени од делегатот-контролор во насока на непречено одигрување на натпреварот.

(4)Претставникот на клубот или друго службено лице на клубот го внесува составот на екипата и стручниот штаб во Комет системот најдоцна 90 минути пред почеток на натпреварот.

**Член 20**

(1)Натпреварот не може да започне без потребниот број на судии, утврден од Судискиот одбор на ФФМ во согласност со правилата на фудбалска игра.

**Член 21**

(1)За натпреварите кои се одигруваат во лигите во млади категории, судии и контролори одредуваат овластени лица (комесари) за делегирање на судии односно контролори одредени од страна на Судиски одбор на ФФМ.

(2)За натпреварите кои се играат во лигите во млади категории контролорот има функција и на делегат.

(3)Судиите својата должност ја извршуваат согласно Правилата на фудбалската игра и Правилникот за судии и судење на ФФМ.

(4)Во вршењето на судиската и контролорска должност ,судиите и контролорите имаат обврска да ги почитуваат мерките уредени со Протоколот од член 11а.

(5) За натпреварите организирани во категоријата петлиња/пом.петлиња Судискиот одбор мора да делегира еден главен судија, помошните судии се делегираат во зависност од зафатеноста на помошните судии во тековното коло; Помошните судии можат да се делегираат и од листа на судии кои престанале активно да судат.

**Член 22**

(1)Стручниот штаб на екипата е составен од шеф на стручен штаб (главен тренер во соодветната категорија), помошник тренер, тренер на голмани а по исклучок уште еден помошник тренер, лекар и физиотерапевт .

(2)Клубот има обврска да достави барање до Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ за издавање дозвола за работа (лиценца) за лекарот и физиотерапевтот за тековната сезона.

(3)Клубот има обврска за потребите на екипата/те да го обезбеди присуството на клубскиот лекар на натпреварите кои ги организира како домаќин.

(4)За водење на соодветната екипа во млади категории, клубот обезбедува дозвола за работа за својот шеф на стручен штаб од Тренерски одбор на ФФМ.

(5)Дозволата за работа се добива за предметната натпреварувачка година.

(6)Екипата ја води шефот на стручниот штаб доколку има најмалку **УЕФА Б** лиценца.

(7)Во случај на отсуство/спреченост на шефот на стручниот штаб во период до 15 дена, екипата може привремено да ја води помошнот тренер.

(8)За отсуство на шефот на стручниот штаб подолго од 15 дена или во околности кога Договорот е раскинат или истечен, клубот назначува и склучува или Договор за привремено вршење на функцијата шеф на стручен штаб – вкупно до 30 дена или назначува и склучува перманентен Договор за вршење на функцијата шеф на стручен штаб кој треба да трае најмалку до крајот на натпреварувачката година.

(9) Информацијата за промена на шефот на стручниот штаб и начинот на извршување на функцијата шеф на стручен штаб се доставува до Тренерскиот одбор на ФФМ на понатамошно постапување.

(10)За времетраење на натпреварот, само едно лице од клупата за резервни фудбалери има право има право да го прати натпреварот во стоечка положба.

(11)Однесувањето на стручниот штаб и на другите службени лица на клубот пред, за време и по натпреварот, спротивно на Правилата на фудбалска игра, овие Пропозиции и актите на ФФМ се санкционира од страна на судијата на натпреварот со јавна опомена или исклучување.

(12)Клубот домаќин и клубот гостин имаат обврска да обезбедат соодветни ознаки за сите членови на стручниот штаб, економот и претставникот , ознаките задолжително треба да содржат: назив на клуб, фотографија, име и презиме, функција и треба да ги носат на себе за времетраење на натпреварот.

(13)Информациите кои ознаките треба да ги содржат се пополнуваат на македонски јазик односно согласно Законот за употреба на јазиците.

**Член 23**

(1)Делегатот- контролор го одредува Судиската комисија на ФФМ.

(2)Делегатот- контролор на натпреварот мора да пристигне 1 (еден) час и 30 минути пред да започне натпреварот.

**Член 23 а**

(1)Службените лица , наведени во овие Пропозиции , своите права и должности ќе ги обавуваат согласно Протоколот за заштита од Ковид или друг тип на Протокол доколку истиот е пропишан согласно член 11а од овие Пропозиции.

**Член 24**

(1)Делегатот- контролор ги има следните правата и обврски:

- да утврди дали натпреварот благовремено е пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР) како и да утврди дали е присутен лекар со соодветна легитимација /лиценца и возило за потреба на итна медицинска помош;
- да воспостави контакт со Комесарот за безбедност на клубот домаќин и со одговорното лице на МВР како и со Комесарот за безбедност на ФФМ (доколку натпреварот е прогласен за натпревар од висок ризик);
- пред натпреварот да изврши преглед на игралиштето и оградата на игралиштето и доколку забележи евентуални недостатоци да направи обид домаќинот да ги отстрани до почетокот на натпреварот во спротивно истите да ги евидентира во **делегатскиот извештај** , да го извести клубот домаќин,Младинската комисија и Комисијата за инфраструктура на ФФМ за укажаното одстранување на недостатоците;
- пред натпреварот да утврди дали службените простории се чисти како и доколку Протоколот не е на сила дали има топла и ладна вода, дали просториите се затоплени (кога е применливо)и дали има електрично осветлување;
- доколку домаќинот најави дека ќе бара проценување на евентуална направена штета, делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на трибината каде ќе бидат сместени навивачите (столчиња и друга опрема), пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе во записникот а детално да опише во делегатскиот извештај;
- по барање на клубот домаќин делегатот има обврска да ја констатира состојбата на соблекувалните пред и по натпреварот во присуство на двајцата претставници и за тоа да се произнесе во делегатскиот извешта; доколку со Протокол има предвидени посебни околности за влез во соблекувална делегатот внимава на нивно спроведување.

- да не дозволи отпочнување на натпреварот доколку има неслужбени лица во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот и да бара нивно отстранување пред, за време и по завршување на натпреварот;

- да констатира важечки лекарски преглед на фудбалерите (евидентиран во спортските легитимации или потврда) и да ги предупреди преставниците на клубовите за увидени недостатоци и пропусти и укаже дека фудбалерите без важечки лекарски преглед не може да се внесат во записник;

- по барање на претставник на клуб или по сопствен наод должен е во нивно и во присуство на судиите, на теренот пред отпочнувањето на натпреварот за време на одгрување на натпреварот и најдоцна 15 минути по завршување на натпреварот да изврши поединечна проверка на идентитетот на фудбалерите; неможноста да се обезбеди присуство на претставникот на екипата при проверка на идентитетот на некој фудбалер не влијае на чинот на проверката;

- да утврди дали тренерите и лекарите имаат соодветна дозвола за работа;

- да ја утврди присутноста на делегираните службени лица на натпреварот;

- да им даде по еден примерок на главниот судија, претставниците на екипите и новинарите;

- да следи дали организацијата на натпреварот во целиот тек на натпреварот се одвива согласно Протоколот ,Правилникот за натпревари, овие пропозиции и Правилникот за безбедност на ФФМ;

- за присуството на неслужбени лица во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот пред, за време и по завршување на натпреварот да ја извести Младинската комисија на ФФМ;

- по барање на претставниците за евентуален неправилен настап на некој фудбалер да ја земе спортската легитимација, да ја достави до Младинската комисија на ФФМ и да го наведе тоа во делегатскиот извештај;

- во случај на некоректно навивање од страна на навивачите навивачите (доколку присуството на навивачи не е забрането со Протокол или одлука) да интервенира кај претставникот на екипата или комесарот за безбедност на домашната екипа, таквото навивање да престане, доколку се продолжи со неспортско навивање и процени дека е потребно може да побара од главниот судија за определен временски период (имајќи го во предвид времетраењето на натпреварот) да го запре натпреварот и да побара од претставниците на МВР и домаќинот да се испразни дел од трибината, во повторен потежок случај може да побара од главниот судија да го прекине натпреварот;

- доколку клубот не пријави шеф на стручен штаб, делегатот-контролор има обврска за истото да ја извести Младинската комисија која службено го известува и Тренерскиот одбор.

- по завршување на натпреварот, делегатот има обврска да земе изјава од исклучените, пријавени фудбалери или било кое службено лице како и од главниот судија со опис на исклучувањето и истите да ги достави до надлежните органи на ФФМ заедно со записникот од натпреварот;

- по завршувањето на натпреварот се произнесува за организацијата на натпреварот и евентуални проблеми, во делегатскиот извештај и во рок од 24 часа ги доставува до надлежните органи на ФФМ;

**ПРАВО НА НАСТАП**

**Член 25**

(1)На првенствените натпревари имаат право на настап фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ со ИД број верификуван во КОМЕТ.

(2)Најмногу 5(пет) млади странски државјани по клуб со регулиран престој и дозвола од ФИФА, можат да земат учество во натпреварувањето во млади категории во согласност со одредбите на овие пропозиции и истите немаат право на настап за сениорскиот тим на клубот освен за клуб во Прва МФЛ.

(3) За младите странски фудбалери кои клубот од Прва МФЛ ќе ги пријави на листа за настап на сениорскиот тим важат правилата за ангажман на странски фудбалери.

(4) Млад странски фудбалер кој склучил професионален договор со клубот го губи правото за настап за млади категории.

(5)Фудбалер без важечки лекарски или специјален лекарски преглед нема право на настап.

(6)Клубовите имаат обврска да ги чуваат потврдите за извршен лекарски преглед на фудбалерите од својата екипа.

(7)Лекарскиот преглед се заверува во спортската легитимација.

**Член 25а**

(1)За времетраењето на пандемијата со Ковид или епидемија од друг предизвикувач, фудбалерите кои го стекнале правото на настап согласно став 1 и 2 на член 25, може да им се ограничи правото на настап и истите не можат да настапуваат доколку им се детектира присуство на предизвикувачот со тест пропишан од здравствените власти или биле во контакт со заболено лице или им е изречена мерка за самоизолација или друга мерка во согласност со Протоколот од 11 а.

(2)Фудбалерите од претходниот став добиваат третман на повредени фудбалери а натпреварот може да се одложи согласно член 9 од овие Пропозиции.

(3)Фудбалерите наведени во став 1 немаат право на настап до завршување на пропишаниот период на изолација согласно тековните напатствија,препораки, уредби или други позитивни прописи на надлежен државен орган.

(4)Органот кој го води натпреварувањето или Генералниот секретар тековно ќе ги известува клубовите за промените кои влијаат на ограничување и повторно стекнување на ограниченото право на настап поради прогласена епидемија/пандемија.

**Член 25б**

(1)Во натпреварувачката 2024/25 година за категоријата **младинци** право на настап стекнуваат фудбалери родени 2006 година и помлади но не родени по 31.12.2008 година.

(2)По исклучок од став 1 за категоријата младинци право на настап во пролетниот дел од првенството добиваат и фудбалерите родени 2009 година по исполнување на условите за стекнување на право на настап за сениорската екипа.

**Член 25в**

(1)Во натпреварувачката 2024/25 година за категоријата **кадети** право на настап стекнуваат фудбалери родени 2007 година и помлади но не родени по 31.12.2009 година.

**Член 25 г**

(1)Во натпреварувачката 2024/25 година за категоријата **пионери** право на настап стекнуваат фудбалери родени 2008 година и помлади но не родени по 31.12.2010 година.

**Член 25 д**

(1)Во натпреварувачката 2024/25 година за категоријата **помлади пионери** право на настап стекнуваат фудбалери родени 2009 година и помлади но не родени по 31.12.2011 година.

**Член 25 ѓ**

(1)Фудбалерите наведени како помлади во категоријата, во член 25 б, в, г, д и е имаат право да настапат доколку имаат специјален лекарски преглед (од спортски лекар).

**Член 25 е**

(1)Во натпреварувачката 2024/25 година за категоријата петлиња – генерација 2010та , право на настап имаат фудбалери родени 2010 година и помлади но не родени по 31.12.2011 година.

(2)Во натпреварувачката 2024/25 година за категоријата помлади петлиња – генерација 2011та , право на настап имаат фудбалери родени 2011 година и помлади но не родени по 31.12.2012 година.

(3) Во натпреварувањето каде се вклучени екипи од двете категории (петлиња и помлади петлиња) фудбалерите родени 2010та имаат третман на носечка генерација а фудбалерите родени 2011/12 имаат право да настапат доколку имаат специјален лекарски преглед.

**Член 25 ж**

(1)Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3(три) полувремиња од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа.

(2)На фудбалер кој истовремено настапува за повеќе од една екипа на клубот, автоматската казна забрана на настап ќе му се евидентира само во екипата во која казната ја добил.

(3)За време на издржување на автоматската казна забрана на настап, фудбалерот/службеното лице, нема право на настап/вршење функција во ниедна од категориите за кои настапува/ја врши функцијата.

**Член 26**

(1)Секој клуб пред почеток на натпреварувањето мора да го извести органот кој го води натпреварувањето за боите на клубот.

(2) Боите на спортската опрема (две) со кои ќе настапува клубот се внесува во Комет системот од страна на клубот, се препорачува бојата на опремата да биде едната во светла другата во темна боја.

(3) Во текот на периодот на натпреварување не може да се направи промена на боите на клубот.

(4)Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

(5) Спортската опрема за натпревар на екипите и судиите мора да се со различна боја.

(6)Во случај екипите да излезат со иста боја на опрема или дел од опрема (дресови, шорцеви, штуцни) гостинскиот тим е должен да ја промени опремата која има иста боја.

(7)Гостинската екипа должна е да носи два пара опрема со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара опрема или и двете бои на дресовите не одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар опрема со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

(8)Опремата од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 27**

(1)Секој клуб независно од категоријата на натпреварување има право на 7 (седум) измени.

(2)Измените во второто полувреме можат да се прават во најмногу 3 наврати по екипа.

**ОСВЕТЛУВАЊЕ,СНИМАЊЕ НА НАТПРЕВАР**

**Член 28**

(1)Првенствените натпревари се играат како дневни.

**Член 29**

(1)По барање на гостинскиот клуб да го снима натпреварот, клубот домаќин е должен да обезбеди прегледно и безбедно место на гостинскиот сниматeл.

(2)Снимателот од став 1 на овој член има третман на службено лице.

**ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР**

**Член 30**

(1)Секој исклучен фудбалер или службено лице должно е по завршувањето на натпреварот, преку својот претставник на делегатот да му достави писмена изјава.

(2)Во случај претставникот да е исклучен, писмените изјави ги доставува капитенот на екипата.

(3)Во случај на постапување спротивно од пропишаното во став 1 , 2 и 3 од овој член ќе се смета дека исклучените лица се сослушани.

(4)Непостапувањето по став 1 , 2 и 3 на овој член ќе се земе како отежителна околност при изрекувањето на казна.

(5)Исклучен фудбалер или службено лице (согласно член 44 од овие пропозиции) и лице кое не е внесено во записникот а е функционер на клубот не смее да се наоѓа во оградениот дел од теренот.

(6)Присуството на лицата од претходниот став во оградениот дел од теренот ќе се смета за присуство на неслужбено лице на терен.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

**Член 31**

(1)По завршувањето на натпреварот и составувањето на записникот домаќинот е должен во соработка со Комесарот за безбедност и претставници на органот за безбедност - МВР безбедно да ги испрати гостите и службените лица.

(2)За било каков испад или оштетување на возилата на службените лица и гостинската екипа , клубот домаќин сноси одговорност согласно одредбите на дисциплинскиот правилник.

**ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ/АВТОМАТСКИ КАЗНИ КОИ ВЛИЈААТ НА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ**

**Член 32**

(1)Суспендиран или казнет клуб со забрана на одигрување на натпревари на свој терен, натпреварите ќе ги игра на оддалеченост од 100 километри на терен одобрен за играње од страна на надлежно тело согласно одредбите на Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ.

(2)Гостинскиот клуб има право на надомест за направените дополнителни трошоци (само за направената разлика за превозот) со доставување доказен материјал до надлежниот орган за натпреварување – Младинска комисија, кој со одлука ќе го задолжи клубот домаќин за надоместување на направените трошоци.

**Член 33**

(1)На натпревар кој се одигрува без публика поради изречена дисциплинска мерка одигрување на натпревар без присуство на гледачи, дозволено е присуство на по 10 лица – функционери на двата клуба (домаќин и гостин ) со список, снимателите на натпреварот и новинарите.

(2)Присуство на редари на овие натпревари не е дозволено.

(3)Доколку присуството на публика не е дозволено или е ограничено со Протокол од член 11а на овие Пропозиции, на натпреварот може да присуствуваат само лица утврдени со Протоколот.

**Член 34**

(1)Во случај да надлежен орган донесе одлука за преигрување на натпревар, изречените опомени и црвени картони не се бришат.

**Член 34а**

(1) Автоматските парични казни како и паричните казни изречени во постапка за кои нема услови да се регулираат со котизацијата за дисциплински мерки, се регулираат по добивање на фактура од страна на ФФМ но не подоцна од 10.07.2025 година.

**ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Член 35**

(1)Сите натпревари во прв степен ги регистрира Младинската комисија на ФФМ како орган кој го води натпреварувањето во млади категории.

(2)Еднаш регистриран натпревар истиот орган нема право повторно да го регистрира .

(3)Исклучок од правилото од став 2 на овој член е постапување на првостепениот орган во жалбена постапка.

**Член 36**

(1)Комисијата, пласманот на табелата го утврдува по бод систем.

(2)Екипа која победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

(3)Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови за освоено прво место.

(4)За освоено прво место екипата добива пехар.

(5)Младинската комисија по секое коло изготвува табела на натпреварувањето која содржи:

- број на екипи
- број на одиграни натпревари
- број на победени натпревари
- број на нерешени натпревари
- број на изгубени натпревари
- број на дадени голови
- број на примени голови
- број на освоени бодови.

(6)Табелата се објавува во Билтен на Комисијата и се доставува до клубовите по електронска пошта.

(7)На крајот на натпреварувачката година Комисијата утврдува конечна табела по категории за секоја лига и збирна табела во која се вклучени бодовите од сите категории за Прва и Втора лига во млади категории, табелите се објавуваат во службениот лист на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

**Член 36 а**

(1)Доколку последиците од Ковид или друг предизвикувач на пандемија/епидемија, наметнат прекин на натпреварувањето а при тоа не се одиграни 50% од натпреварите односно 50% од вкупниот број на кола по распоред, првенството се поништува а екипите не испаѓаат и не остваруваат пласман во повисок ранг.

(2)Доколку последиците од Ковид или друг предизвикувач на пандемија/епидемија , наметнат прекин на натпреварувањето а при тоа се одиграни најмалку 75% од натпреварите,односно вкупниот број на кола по распоред, првенството ќе се смета за завршено; прворангираната екипа се смета за првак, екипите испаѓаат и обезбедуваат пласман во повисок ранг согласно овие пропозиции.

(3)Доколку последиците од Ковид или друг предизвикувач на пандемија/епидемија, , наметнат прекин на натпреварувањето а при тоа се одиграни повеќе од 50% а помалку од 75 % од натпреварите, Комисијата за натпревари ја „замрзнува" табелата заклучно со последното одиграно коло пред прекинот. Екипите не испаѓаат и обезбедуваат пласман во повисок ранг согласно овие Пропозиции.

(4)За оние екипи кои имаат ист број на бодови а испаѓаат или можат да се стекнат со право да се натпреваруваат во повисок ранг или влегуваат во бараж, исклучокот од член 107 од Правилникот за натпреварувања се применува само доколку во моментот на прекин, екипите во категорија младинци ги имаат одиграно сите меѓусебни средби предвидени со Календарот и распоредот на натпреварување.

**Член 37**

(1)Младинската комисија:

- раководи со натпреварувањето во согласност со Правилникот за натпреварување на ФФМ, овие пропозиции како и други акти на ФФМ;
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ;
- го утврдува календарот за натпреварување;
- го утврдува распоредот на натпреварите;
- предлага измени на Пропозиции;
- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен;
- одлучува за оправданост и исполнетост на условите за преигрување на натпревар;
- води евиденција на опомени и исклучени фудбалери;
- поднесува пријави за покренување дисциплински постапки;

- во случај на утврдена штета согласно член 11 и 14 од овие Пропозиции го задолжува клубот домаќин да ја надомести направената штета, во спротивно поднесува дисциплинска пријава за непочитување на одлуката;
- се грижи за регуларност на натпреварувањето, доставува предлози, носи одлуки и препораки;
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар;
- одлучува по барања за одложување на натпревари;
- одлучува кој клуб добива предност за користење на терен во случај на поклопување на термини при пријавен ист главен односно алтернативен терен доколку нема постигнат договор помеѓу клубовите;
- може да изрече суспензија на терен во случаи предвидени со Дисциплинскиот правилник;
- може да изрече суспензија на терен по предлог на Телото за инфраструктура;
- го прати и анализира системот на натпреварување и предлага негови измени и дополнувања;
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ;
- изрекува автоматски казни.

**АВТОМАТСКИ КАЗНИ**

**Член 38**

(1)Младинската комисија ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 50 евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот домаќин доколку записникот од натпреварот неоправдано не го изготви во Комет системот на ФФМ.

**Член 39**

(1)На клубот чиј фудбалер или службено лице за време на натпреварот добие црвен картон освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот или на службеното лице, согласно одредбите на овие Пропозиции и Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Младинската комисија му изрекува автоматска парична казна во висина како во алинеа 1,2 и 3 на овој став:
- за натпревари во прва лига 40 евра
- за натпревари во втора лига 30 евра
- за натпревари во трета лига 20 евра.

**Член 40**

(1)На клубот чиј фудбалер или службено лице за време на натпреварот добие црвен картон поради втор жолт картон освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот или на службеното лице согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Младинската комисија му изрекува автоматска парична казна во висина како во алинеа 1,2 и 3 на овој став:
- за натпревари во прва лига 30 евра
- за натпревари во втора лига 20 евра
- за натпревари во трета лига 10 евра.

**Член 41**

(1)За секој добиен жолт картон на фудбалерот или на службеното лице на клубот му се изрекува автоматска парична казна во зависност од бројот на добиените картони како следи:

| Прва лига | евра | Втора лига | евра | Трети лиги | евра |
|---|---|---|---|---|---|
| Прв жолт | 4 | Прв жолт | 3 | Прв жолт | 2 |
| Втор жолт | 8 | Втор жолт | 6 | Втор жолт | 4 |
| Трет жолт | 12 | Трет жолт | 9 | Трет жолт | 6 |
| Четврт жолт | 16 | Четврт жолт | 12 | Четврт жолт | 8 |
| Петти жолт | / | Петти жолт | / | Петти жолт | / |

(2)Фудбалерот или службеното лице на клубот кое добило (5) пет жолти картони, ќе ја издржи автоматската казна забрана на играње/ вршење на функција од еден натпревар во следното коло.

**Член 42**

(1)Во случај делегатот да констатира во записникот или делегатскиот извештај дека во текот на натпреварот од страна на неовластени лица се уфрлуваат топки на теренот, односно се попречува играта на друг начин со пиротехнички средства, симулирање судиска свирка и слично, клубот домаќин ќе биде казнет со автоматска парична казна во висина од 50(педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**Член 43**

(1)Младинската комисија ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 50 (педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот кој :

- не го внел на записник и не го отпочнал натпреварот со минималниот број од 11 фудбалери предвиден со Правилникот за натпревари.
- нема назначено шеф на стручен штаб (главен тренер) кој ќе ја води екипата на натпреварот (периодот од 15 дена во кој клубот го назначил помошниот тренер да ја води екипата не се зема во предвид);

**Член 44**

(1)Службеното лице на клубот кое црвениот картон го добил директно или поради покажан втор жолт картон на натпреварот, го напушта натпреварот <u>и нема право да ја врши функцијата во наредното коло.</u> За посериозен или прекршок кој се повторува повеќе пати за време на натпреварот, против службеното лице се покренува дисциплинска постапка.

(2)Во случаеви кога службено лице е докторот/физиотерапевгот на екипата а екипата нема друг доктор/физиотерапевт истиот останува во боксот(на клупата) до крајот на натпреварот .

(3)Кога судијата не може да утврди кое службено лице го направило прекршокот, картонот му се доделува на шефот на стручниот штаб.

**Член 45**

(1)Младинската комисија ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 50 (педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата доколку:

1) натпреварот навремено не го насочи, не определи терен и почеток на натпреварот во Комет системот на ФФМ на начин предвиден во член 13 од овие Пропозиции.
2) не обезбеди најмалку четири лица со медицински носила;
3) комесарот за безбедност или негов заменик не присуствува на натпреварот;
4) не обезбеди службените простории при пониски температури да бидат неопходно загреани;
5) не обезбеди во санитарните чворови во службените простории да има топла и ладна вода;
6) не обезбеди 5 топки за одигрување на натпреварот (ист вид);
7) не изврши соодветно обележување на теренот за игра во зимски услови;
8) не обезбеди деца за фаќање топки;
9) не обезбеди формулари за рачно подготвување на записник;
10) не обезбеди комет администратор;
11) не го внесе составот на екипата во Комет согласно одредбите на овие Пропозиции;
12) не внесе Шеф на стручен штаб во записник;
13) не обезбеди присуство на шефот на стручниот штаб на натпреварот;
14) не обезбеди 2 табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време;
15) не ги обележи јасно и еднолично фоторепортерите, новинарите и редарите (обезбедување);

16) доколку замените на фудбалерите ги направи во поголем број на наврати од предвидените со овие Пропозиции;

17 не обезбеди носење ознаки за претставникот,стручниот штаб и економите на начин утврден во одредбите од член 22 на овие Пропозиции;

18) внесе фудбалери во составот на екипата без лекарски преглед (независно дали настапиле или не).

**Член 45а**

(1)За неисполнувањето на обврските на клубовите кои произлегуваат од примена на Протоколот а се однесуваат на:

-обезбедување на функционален апарат за мерење на температура;

-обезбедување лице и одговорно мерење на температура на сите учесници за кои истото е предвидено во Протоколот од 11а;

- неспроведување или делумно спроведување на мерките поврзани со употреба и обезбедување на средства за дезинфекција;

- обезбедување и користење на заштитни маски,

Младинската комисија ќе изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 50 (педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

(2)Доколку со Протоколот се изменат или дополнат обврските за клубовите, автоматската парична казна ќе се изрекува и за изменетите или дополнети обврски.

**Член 45б**

(1)За неисполнувањето на обврските на клубовите кои произлегуваат од примена на Протоколот а се однесуваат на користење на соблекувални, Младинската комисија ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 100(сто) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**Член 46**

(1)Одредбите од член 38 – 45 со исклучок на одредбата од член 45 став 1 алинеа 1 со кои се предвидени автоматски парични казни не се применуваат за натпреварувањето во категориииите:

- Петлиња – генерација 2010
- Петлиња(помлади петлиња) – генерација 2011

(2)Одредбата од член **45 став 1 алинеа 1** која се однесува на навремено насочување на натпреварот, определување на терен и почеток на натпреварот во Комет системот на ФФМ на начин предвиден во член 13 од овие Пропозиции и одредбите од 45а и 45б **се применуваат и за категоријата петлиња и помлади петлиња.**

**ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА**

**Член 47**

(1)По завршување на натпреварот незадоволната страна преку својот претставник може да најави жалба, жалбата се најавува кај делегатот на натпреварот, со телеграма или преку електронска пошта во рок од 24 часа од одигрувањето на натпреварот согласно одредбите на Правилникот за натпревари.

(2)Сите најавени жалби во два примерока со образложение мора да се достават до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 72 часа од денот на одигрување на натпреварот.

(3)Заинтересиран клуб има право во рок од 48 часа по одигрувањето на натпреварот да достави жалба со образложение до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во два примерока.

(4)Жалбата уредно заведена, со печат и потпишана од овластено лице се доставува по пошта или по електронски пат до архивата на ФФМ на адреса: arhivazalbi@ffm.com.mk

(5)Жалителот има обврска да ја достави жалбата и во оригинал.

(6)Жалителот во жалбата има обврска да наведе е-маил адреса за комуникација која може да биде официјалната е-маил адреса на клубот или различна а ќе се смета за маил адреса за комуникација и воспоставен начин на достава за конкретниот предмет.

(7)Жалбите доставени надвор од предвидениот рок како и жалбите за кои не е уплатена предвидената такса не се земаат во постапка.

(8)Писмената и одлуките поврзани со жалбата се смета дека се примени на денот на испраќањето на е-маилот доколку се испратени до 12 часот во спротивно ќе се смета дека се примени наредниот ден; електронска пошта испратена на државен празник, во сабота и недела ќе се смета дека е примена наредниот ден односно во понеделник.

(9)По жалбата во прв степен органот за натпреварување мора да донесе одлука во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата.

(10)Еден примерок од жалбата органот на натпреварување мора да достави до обжалената страна која по жалбата треба да се поизнесе веднаш а најдоцна во рок од 24 часа од приемот.

(11)Донесената одлука органот за натпреварување ја објавува во службениот лист „Макфудбал" и ја доставува до засегнатите страни.

**Член 48**

(1)Во последните три кола од првенството или во случај кога по распоредот се игра вонредно коло, роковите за одлучување по жалби се скратуваат од 8 на 3 дена.

(2)Поради итност во постапувањето, органот на натпреварување може да утврди и пократок рок.

**Член 49**

(1)Доколку прво степениот орган не се произнесе по наводите на жалбата во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

**Член 50**

(1)Незадоволната страна од донесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од три (3) дена од приемот на одлуката донесена од првостепениот орган со уплата на пропишана такса.

(2)Незадоволната страна од недонесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена по истекот на рокот предвиден во член **49** од овие Пропозиции со уредно уплатена пропишана такса.

(3)Жалителот во жалбата има обврска да наведе е-маил адреса за комуникација која може да биде официјалната е-маил адреса на клубот или различна а ќе се смета за маил адреса за комуникација и воспоставен начин на достава.

(4)Писмената и одлуките поврзани со жалбата се смета дека се примени на денот на испраќањето на е-маилот доколку се испратени до 12 часот во спротивно ќе се смета дека се примени наредниот ден; електронска пошта испратена на државен празник, во сабота и недела ќе се смета дека е примена наредниот ден односно во понеделник.

(5)Комисијата за жалби одлуката мора да ја донесе во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата упатена на одлучување во втор степен.

(6)Одлуката на Комисијата за жалби е конечна.

(7)Второстепената одлука мора да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал" и да се достави до засегнатите страни.

**Член 51**

(1)Доколку во рок од осум дена од денот на доставувањето на второстепената жалба Комисијата за жалби не одлучува, ќе се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

**КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ,ВЛЕЗ И ИСПАЃАЊЕ ОД ЛИГАТА**

**Член 52**

(1)Со право за учество во натпреварувачката **2024/25** година се стекнува фудбалски клуб кој ги исполнил:

- **инфраструктурните критериуми** (за клубовите со екипи во Прва супер и Втора лига, клубот да обезбедил услови за игра кои се во согласност со Правилникот за инфраструктура и со член 12 од овие Пропозиции);

- **финансиските критериуми** (уплатил котизација за дисциплински мерки и котизација за службени лица за клубовите за кои истото е предвидено со одредбите на овие Пропозиции;

- **спортските критериуми**:
  - да има формирано екипи во соодветните категории (согласно член 3,4 и 5 од овие Пропозиции);
  - **да има утврден пласман** на конечните табели за млади категории за сезона **2023/24**
    (не е применливо за нов клуб учесник во Трета лига во млади категории);
  - за учество во **Прва супер лига** да има **сениорска** екипа **најмалку во Трета лига**;
  - за учество во **Втора лига** да има **сениорска** екипа која **активно се натпреварува**;
  - за учество во **Трета лига** да има **сениорска** екипа која **активно се натпреварува**.

(2) Клубовите учесници во натпреварувањето за **петлиња/помлади петлиња**, за натпреварувачката 2024/25 година:
- плаќаат такса за пријава на екипа согласно одлука на Управниот одбор на ФФМ;
- треба да имаат обезбедено терен за игра во согласност со Правилникот за инфраструктура;
- треба да имаат пријавено најмалку 20 фудбалери по екипа.

**Член 52 а**

(1)Со право за учество во натпреварувачката **2025/26** година се стекнува фудбалски клуб кој по завршување на натпреварувачката 2024/25 ги исполнил:

- **инфраструктурни критериуми** (За клубовите од Прва супер и Втора лига да обезбедил услови за игра кои се во согласност со Правилникот за инфраструктура и со член 12 од овие Пропозиции)

**- финансиски критериуми** (уплатил котизација за дисциплински мерки и котизација за службени лица за клубовите за кои истото е предвидено со одредбите на Пропозициите;

- **спортски критериуми:**
  - има формирано екипи во соодветните категории
  - има утврден пласман на табелата за млади категории
    (не е применливо за нов клуб учесник во Трета лига во млади категории);

како и:
  - за учество во **Прва супер лига** да има **сениорска** екипа најмалку во **Втора МФЛ**
  - за учество во **Втора лига** да има **сениорска** екипа **најмалку во Трета лига**
  - за учество во **Трета лига** да има **сениорска** екипа која **активно се натпреварува**

**Финансиски критериуми**

**Член 53**

(1)Клубовите учесници во натпреварувањето за млади категории, за натпреварувачката 2024/25 година задолжително плаќаат <u>котизација за дисциплински мерки</u> во висина од:

- **за учество во Прва(Супер) лига** - 2000 (две илјади) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

- **за учество во Втора лига** - 1500 (илјада и петсто) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

- **за учество во Третите лиги**:

* клубовите кои со сениорските екипи се натпреваруваат во Прва МФЛ - 1000 евра (250 по екипа) во денарска противвредност на денот на уплатата),

* клубовите кои со сениорските екипи се натпреваруваат во Втора МФЛ - 250 евра по екипа (во денарска противвредност на денот на уплатата),

* клубовите кои со сениорските екипи се натпреваруваат во Трета/Четврта лига - 250 (двеста и педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата независно од бројот на пријавени екипи.

(2)Котизацијата од став 1 клубовите учесници можат да ја платат целосно или со следната динамика:
- 50% , пред почеток на есенскиот дел на првенството,
- 50% , 10 дена пред почеток на пролетниот дел на првенството.

(3)Котизацијата од став 1 ги покрива изречените парични автоматски и парични казни изречени во постапка од страна на органот кој го води натпреварувањето и Дисциплинската комисија на ФФМ.

(4)Во врска со став 2 и 3 од овој член финансовата служба на ФФМ по завршување на натпреварувачката година (14.06.2025) доставува до клубовите конечна пресметка за што ја известува и Младинската комисија на ФФМ.

(5)Во случај да износот уплатен на има котизација стане недоволен за подмирување на изречените мерки од претходниот став на овој член, Финансовата служба на ФФМ го задолжува клубот и го фактурира преостанатиот износ.

(6) Клубовите со екипи во петлиња/п.петлиња кои немаат и екипи во Прва супер, Втора или Трета лига во млади категории автоматските казни ги плаќаат по добивање на фактура од ФФМ, останатите клубови ги регулираат со котизацијата за дисиципплински мерки за млади категории.

**Член 53 а**

(1)**Трошоците за исплата на налози за службени лица** за натпреварувањето во млади категории за натпреварувачката 2023/24 година **ги сноси ФФМ**, **со исклучок** на трошоците за исплата на налози за службени лица **за екипите** во млади категории **чии клубови во текот на 2024 година склучиле Договор за користење на средства од УЕФА солидарната шема за развој на младински фудбал.**

(2)Клубовите кои во текот на 2024 година, до усвојување на овие Пропозиции, склучиле Договор за користење на средства од УЕФА солидарната шема за развој на младински фудбал плаќаат котизација за службени лица во висина од 3000 (три-иљјади) евра за регулирање на трошоци за службени лица, со истата динамика од член 53 став 2 од наменската сметка на клубовите согласно склучениот Договор.

(3) Клубовите кои се стекнале со правото за користење на средства по договорот од став 1 и 2 на овој член а до усвојување на овие Пропозиции не склучиле Договор за користење на средства од УЕФА солидарната шема за развој на младински фудбал, можат 50% од котизацијата за службени лица, во висина од 1500 (иљјада и петсто) евра да ја регулираат по склучување на Договорот, односно во рок од 3 дена од прием на средствата.

(4)ФФМ го задржува правото за измена на висината на котизацијата за службени лица.

**СПОРТСКИ КРИТЕРИУМИ**
**ИСПАЃАЊЕ И ВЛЕЗ ВО ПОВИСОК СТЕПЕН**

**Прва лига**

**Член 54**

(1)Во **Првата** лига се утврдуваат поединечни табели по категорија. Прваци/прворангирани се екипите со најголем број освоени бодови по категории.

(2)Конечната збирна табела во Прва лига за млади категории се добива на начин што се собираат бодовите освоени во поединечните конечни табели по категории или табелите согласно член 36а од овие Пропозиции. Во зависност од вкупниот број на освоени бодови од сите категории , клубовите во Првата лига во млади категории испаѓаат односно остануваат.

(3)Клубовите чии екипи се рангирани на **последните две места** на конечната табела или табелите согласно член 36а став 2 од овие Пропозиции **директно испаѓаат** од Прва во Втора лига во млади категории.

(4)Младите екипи на клубовите од Прва супер лига кои со сениорските екипи не обезбедиле пласман најмалку во Втора МФЛ, во наредната сезона 2025/26, поради нецелосно исполнување на спортскиот критериум испаѓаат од лигата.

(5)Доколку на крајот на натпреварувачката 2024/25 согласно рангирањето и критериумите, останат слободни места поради испаѓање на екипи рангирани повисоко од позициите предвидени за директно испаѓање, Првата супер лига во 2025/26 може да се пополни редоследно со

нареднопласираната екипа на конечната табела на Втора лига во млади категории во зависност од бројот на слободни места во согласност со член 52а од овие Пропозиции.

**Втора лига**

**Член 55**

(1)Во **Втората** лига се утврдуваат поединечни табели по категорија. Прваци/прворангирани се екипите со најголем број освоени бодови по категории.

(2)Конечната збирна табела во Втора лига во млади категории се добива на начин што се собираат бодовите освоени во поединечните конечни табели по категории или табелите согласно член 36а од овие Пропозиции. Во зависност од вкупниот број на освоени бодови од сите категории , клубовите во Втората лига во млади категории се стекнуваат со право за учество во Првата (супер) лига за млади категории, испаѓаат односно остануваат.

(3)Клубовите чии екипи се рангирани на **прво и второ место** на конечната табела или табелите согласно член 36а од овие Пропозиции, се стекнуваат со право за **директно учество** во натпреварувањето **во Прва Супер лига** за млади категории **во согласност со член 52а од овие Пропозиции.**

(4)Клубовите рангирани на **последните две места** на конечната табела или табелите согласно член 36а став 2 од овие Пропозиции, **директно испаѓаат** од Втората лига, натпреварувањето можат да го продолжат во третата лига, со сите категории или категориите пионери /помлади пионери или младинци/кадети во зависност од обврската за натпреварување со млади екипи.

(5)Бројот на клубови кои испаѓаат може да се зголеми во зависност од:

- исполнетост на условите од член 52а за натпреварување во Првата супер лига и Втора лига во млади категории;
- дали има клубови кои се откажале или се исклучени а на конечната табела се рангирани повисоко од екипите кои испаѓаат поради пласман.

**Член 56**

(1)Ако со бројот на клубови кои испаѓаат од Првата супер лига поради тоа што не ги исполниле спортските критериуми во делот на сениорските екипи, се зголеми бројот на клубови кои треба да испаднат од Втората лига , клубовите кои од тие причини треба да испаднат имаат предност (согласно пласманот) при пополнување на слободни места во лигата.

**Член 57**

(1)Непополнетите **слободни места** во **Втората лига** во наредната сезона се пополнува редоследно со нареднопласираната екипа во Третата лига во млади категории (една од категориите) **која ги исполнува условите предвидени во член 62** од овие Пропозиции.

(2)Доколку втората лига **не може да се пополни** согласно претходниот став, односно заинтересираните клубови нецелосно ги исполниле условите од член 62, лигата може да се организира со помал број на учесници или при пополнување редоследно се зема во предвид:

- степенот на натпреварување на сениорската екипа;
- бројот на екипи со кои заинтересираниот клуб се натпреварувал (во колку категории), екипите во петлиња како засебно натпреварување не се земаат во предвид;
- учеството во натпреварувањето во млади категории со повозрасните категории;
- пласманот на екипите со кои клубот се натпреварувал во Трета лига;

(3)По исцрпување на можностите за пополнување на Втората лига согласно став 1 и 2 од овој член а лигата може да остане со помалку од 6 клуба кои се натпреваруваат клубовите кои испаѓаат заради пласман, редоследно можат да останат во зависност од позицијата која ја завземале на конечната табела или табелите согласно член 36а од овие Пропозиции, со исклучок на клубовите чии екипи биле исклучени или се откажале од натпреварувањето.

**Трета лига**

**Член 58**

(1)Во Трет степен (трета лига) во млади категории, натпреварувањето се организира како натпреварување во пионери и помлади пионери и натпреварување во младинци и кадети.

**Член 59**

(1)Доколку клуб кој со сениорската екипа се натпреварува во **Прва МФЛ/Втора МФЛ** а по рангирањето на збирната табела во млади категории 2024/25 , неговите екипи испаднат од Прва односно испаднат од Втора лига во млади категории, **клубот продолжува во Трета лига** во млади категории и задолжително зема учество со четири категории имајќи ја во предвид одредбата од член 4а став 2.

(2)Клубовите кои со сениорската екипа учествуваат во **Трета или Четврта лига** можат да земат учество со екипи по свој избор во две или четири категории по избор и тоа: младинци/, кадети и/или , пионери/помлади пионери.

**Член 60**

(1)Во зависност од бројот на пријавени екипи во Третата лига можат да се организираат регионални натпреварувања.

(2)Доколку се организираат регионални натпреварувања а во предметниот регион во определена категорија нема доволен број на учесници (помалку од 6), натпреварувањето во таа категорија во тој регион не се организира , екипите се приклучуваат за учество во територијално најблискиот регион или можат да се групираат со цел формирање на една лига во определена категорија.

(3)Доколку во определена категорија има повеќе од 12 учесници, натпреварувањето во таа категорија може да се одвива во групи (не помали од 6 учесника)

**Член 61**

(1)На првопласираната екипа во секоја категорија и се доделува пехар.

**Член 62**

(1)По завршување на сезоната **2024/25 со право за пласман во** повисок степен – **Втора лига** се стекнуваат клубовите кои се натпреварувале во младинци/кадети и/или , пионери/помлади пионери.

(2)Клубовите треба **да ја пријават својата заинтересираност** до **15.05** и да ги исполнат **спортските услови** наведени подоле.

(3)Во Втората лига можат да се квалификуваат оние клубови чии екипи **освоиле прво место** на конечните табели или табелите согласно член 36а од овие Пропозиции во една од натпреварувачките категории; предност имаат клубовите кои освоиле прво место на табелите во повеќе од една категорија, имајќи ги во предвид и предностите наведени во став 6 на овој член.

(4)Во зависност од бројот на <u>слободни места и бројот на заинтересирани клубови</u> , се организираат бараж натпревари со соодветните екипи од другите лиги во истата категорија (доколку се формирани регионални лиги).

(5)Во бараж натпреварите од претходниот став клубовите учествуваат со екипа во една категорија по договор или категоријата се утврдува со ждреб доколку е применливо, односно доколку двата клуба имаат екипи во исти категории.

(6)Доколку ждребот од претходниот став не е применлив бидејќи нема услови за одигрување на бараж натпревари (двата клуба немаат екипа во иста категорија) а бројот на клубови кои се квалификувале за учество е поголем од бројот на слободни места, предност за влез има клубот со повозрасната екипа (пр. младинци имаат предност пред кадети) . Доколку се одвива регионално(пр: во еден регион еден заинтересиран клуб освоил прво место со младинска екипа , во друг регион со кадетска , во трет со пионерска итн, предност за влез има клубот со повозрасната екипа).

(7)**Покрај наведените услови заинтересираните клубови** треба да ги исполнат инфраструктурните, финансиските и спортските критериуми кои се однесуваат на степенот на натпреварување на сениорската екипа, на бројот на формирани екипи (во четири категории) и

доставиле доказ за регистрирани фудбалери од кои формирале екипи во четири категории согласно одредбите на пропозициите за натпреварување со кои можат да се вклучат во натпреварувањето во Втор степен);

**Петлиња/Помлади петлиња**

**Член 63**

(1)Во натпреварување за петлиња/помлади петлиња можат да се пријават сите заинтересирани клубови независно дали имаат сениорска екипа и во кој степен се натпреварува сениорската екипа.

(2)Натпреварувањето за петлиња/пом.петлиња се организира регионално во зависност од бројот на пријавени екипи кој не може да изнесува помалку од 6(шест).

(3)Натпреварувањето во петлиња/пом.петлиња се организира во еден степен ,екипите не испаѓаат и не остваруваат пласман во повисок ранг.

**УЕФА**

**Член 64**

(1)Клубот чија младинска екипа го освоила првото место во младинска конкуренција во Првата супер лига може да се стекне со право за учество во УЕФА натпреварување согласно правилата на УЕФА.

**КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Член 65**

(1)Младинската комисија на ФФМ согласно овластувањата од Управниот Одбор на ФФМ го организира куп натпреварувањето на целата територија на Република Македонија поодделно во конкуренција за секоја категорија.

(2)Младинската комисија подготвува календар и распоред на натпреварите.

**Член 66**

(1)Со право за учество во куп натпреварувањето за млади категории се стекнуваат сите клубови кои се натпреваруваат со своите млади екипи во натпреварувањето за млади категории на ФФМ.

(2)Клубовите кои со своите млади екипи се натпреваруваат во Првата супер лига задолжително учествуваат во куп натпреварувањето со сите категории.

(3)Клубовите кои со своите млади екипи се натпреваруваат во Втората и Третите лиги за млади категории учествуваат во куп натпреварувањето доколку поднесат пријава за истото до младинската комисија на ФФМ.

**Член 67**

(1)Во зависност од бројот на пријавени екипи , натпреварите се играат по групи до 16 финале.

(2)Младинската комисија може да предвиди привилегиран ждреб доколку тоа е неопходно за одржување на натпреварувањето.

(3)Натпреварите по групи, шеснаесет финалните, осмина финалните, четврт финалните натпревари и полуфиналните натпревари натпревари се играат елиминациски (нокаут систем по еден натпревар).

(4)Заради одредување позиција домаќин/гостин, од 1/16 финале до финале, натпреварувачките парови се извлекуваат по пат на ждреб.

(5)Екипата која била домаќин во претходно одиграниот круг, станува гостин во наредниот круг на натпревари, независно од позицијата при влечење на натпреварувачкиот пар.

(6)Доколку и двете екипи во натпреварувачкиот пар во претходниот круг биле домаќини или и двете биле гости, екипата извлечена со ждребот како домаќин останува домаќин.

(7)Финалниот натпревар во секоја категорија се игра по еден натпревар на неутрален терен.

(8)Денот, местото на одигрување ,судиите, делегатот-контролорот на судење како и лицето кое ќе го предаде пехарот и медаљите го утврдува Управниот Одбор на ФФМ, на предлог на надлежните тела.

(9)Победникот на сите натпревари во Куп натпреварувањата кои завршиле нерешено се добива со изведување пенали.

**Член 68**

(1)Јавните опомени(жолти картони) добиени на КУП натпреварување важат само за соодветното куп натпреварување**.**

(2)После секоја трета јавна опомена, фудбалерот последователно на наредниот куп натпревар издржува автоматска казна забрана на играње на еден натпревар.

(3)За секоја јавна опомена се плаќа автоматска парична казна со исклучок за категориите петлиња генерација 2009-та и 2010-та.

(4)Износот на автоматските парични казни е утврден во табелата за Прва супер лига од член 41 од овие пропозиции.

(5)Останатите автоматски казни се изрекуваат согласно одредбите на овие пропозиции.

(6)Фудбалерите кои учествуваат во финалниот куп натпревар имаат право на настап на финалниот куп натпревар независно од бројот на претходно добиените жолти картони.

**Член 69**

(1)За победникот во финале на купот од соодветната конкуренција се обезбедува пехар во трајна сопственост и златни медалји.

(2)За учесникот во финалето кој го изгубил натпреварот се обезбедуваат сребрени медаљи.

(3)Бројот на учесници кои добиваат медалји не може да биде поголем од 35.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 70**

(1)За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и другите применливи прописи на ФФМ.

**Член 71**

(1)Овие пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување од страна на Управниот Одбор на ФФМ.

**Член 72**

(1)Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.